**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 18.07.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3402 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ

3. **Датум на извршување на надзорот:** 18 јули 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво, треба да биде најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“*.

5. **Претходно изречена мерка:** Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ (арх. бр.08-373 од 10.07.2018 година).

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ во 2017 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година, вкупниот број на вработени во телевизијата изнесувал девет лица, од кои како новинар со висока стручна спрема било ангажирано само едно лице. Поради тоа, на 26.04.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2152/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Заклучно со 02.07.2018 година, ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ не ги достави во Агенцијата бараните документи, при што беше извршен вонреден административен надзор (Писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-3122/1 од 03.07.2018 година) со кој беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови. Поради тоа, на 10.07.2018 година, директорот на Агенцијата достави до Советот предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на овој радиодифузер (арх. бр.08-373), за што беше известен и самиот радиодифузер (Известување бр.08-373 од 12.07.2018 година). Тој, исто така, беше известен и дека доколку не ја достави потребната документација од којашто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови, Советот на Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на

предлогот од директорот, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување. Овој рок истекува на 25.07.2018 година.

На 16.07.2018 година, ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ достави во Агенцијата три договори за дело (наш бр.03-2152/4) склучени помеѓу радиодифузерот и три физички лица, а на 18.07.2018 година достави Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект заклучно со 16.07.2018 година, издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија. Од доставената документација е видно дека во телевизијата се вработени вкупно шест лица, од кои три со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

7. **Предлог:** Имајќи предвид дека ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, се дава следниот предлог:

   - Директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот да донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***